**УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА mPLAY TV**

Пред да го користите нашиот веб-сајт или апликацијата, внимателно прочитајте ги следниве Услови за користење, чиј составен дел е и „Политиката за приватност“.
Со пристапување на овој веб-сајт или инсталирање на апликацијата, Вие без ограничувања ги прифаќате овие Услови на користење, како и правнообврзувачкиот однос кој се коституира помеѓу вас и компанијата Arena Channels Group доо Белград, Милутина Миланковиќа 9а Нов Белград, дејност: кабловска телекомуникација, матичен број: 20510293 , ЕДБ: 106013385, телефон 011/35 35 600, мејл: arenacloud@tvarenasport.com , веб-сајт: arenacloudtv.com, во понатамошниот текст Arena Channels Group ДОО, која е сопственик на овој веб-сајт.
МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, како правно лице регистрирано на територијата на Република Северна Македонија го има обезбедено правото за користење на mPLAY TV апликцијата. МТЕЛ ДООЕЛ Скопје е исклучиво посредник во нудењето на услугата, и како таков не сноси било какви правни последици при евентуален спор помеѓу Вас и Arena Channels Group доо Белград.
Со користење на која било содржина на веб-сајтот и апликацијата, кои се во сопственост на Arena Channels Group ДОО Белград, се смета дека сте запознаени со Условите на користење.
Сите содржини објавени на сајтот се исклучително во сопственост на Arena Channels Group ДОО Белград или се во сопственост на деловните партнери на Arena Channels group ДОО Белград, така што можат да се користат единствено за лична потреба во некомерцијални цели и на сопствена одговорност.
mPLAY TV е апликација / услуга која служи за следење дигитална телевизија – збир на интерактивни мултимедијални сервиси како што се телевизија / аудио / видео / графика / текст / податоци преку апликацијата инсталирана на соодветен електронски уред со помош на интернет.
Предуслови за користење на услугите преку апликацијата се компатибилен електронски уред со соодветен оперативен систем и интернет конекција со соодветна брзина, имајќи предвид дека комуникацијата се пренесува со помош на интернет протокол. Техничките предуслови за користење на услугите и податоците за компатибилни уреди и оперативни системи се променливи и во секој момент јавно достапни на Google Play store и Apple store. На корисниците им се препорачува употреба на интернет со користење на локална WiFi мрежа, а посебно се предупредуваат дека користењето на апликацијата преку интернет од мобилниот оператор (gprs или 3G, 4G) може да предизвика дополнителни трошоци кон мобилните оператори што ги сноси корисникот.
Корисниците на бесплатната / демо верзија на апликацијата се согласуваат со емитувањето промотивни содржини за време на нејзиното користење. Демо верзијата служи за запознавање на корисникот со функционалноста и начинот на работа на апликацијата, па МТЕЛ е овластен според своето видување да ја ограничи нејзината функционалност во овој режим на работа.
Не е дозволено дуплирање, репродукција, јавно прикажување или дистрибуирање на содржина или кој било дел од содржината од сајтот без претходно одобрување или пишана согласност од Arena Channels Group ДОО Белград.
Содржината од веб-сајтот и апликацијата, како и сите делови од содржината (заштитени знаци, лого на знаците, текстови, податоци, фотографии и / или графики)

претставуваат заштитено авторско право кое припаѓа на Arena Channels Group ДОО Белград, или заштитено авторско право на трети лица кои ги пренеле правото на користење на истите на Arena Channels Group ДОО Белград.
Неовластеното користење на кој било дел од содржината достапна на сајтот или апликацијата спротивно на условите за користење, се смета за повреда на авторските права и правата на интелектуална сопственост и подлежи на материјално и кривично гонење.
Овие Услови за користење влегоа на сила на ден 26.11.2020 и истите можат да бидат изменети во секој момент од страна на Arena Channels Group ДОО Белград со објава на сајтот и на апликацијата.
Измената на Условите за користење влегуваат на сила од денот на објавувањето на веб-сајтот и апликацијата.
Условите за користење на апликацијата подлежат на промени кои се вршат на начин кој е предвиден со Општите услови на Arena Channels Group ДОО Белград. Доколку корисникот не се согласува со промените, може да го раскине претплатничкиот однос.
При инсталирање на апликацијата, корисникот потврдува дека со цел преддоговорно информирање, ги прочитал сите наброени документи и се согласил со нив.
Документите на Arena Channels Group ДОО Белград кои содржат услови за користење на mPLAY TV апликацијата се јавно достапни на продажните места, веб-страниците на МТЕЛ како и на барање на корисникот.

ОДРЕКУВАЊЕ И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА

Сите информации на нашиот веб-сајт и апликација се предвидени со цел општо информирање и забава.
Ние се трудиме информациите да бидат точни и сигурни, меѓутоа не ја преземаме одговорноста за каква било штета што може да настане како последица на потпирање на информации кои се наоѓаат на нашиот веб-сајт или апликација.
Arena Channels Group ДОО Белград особено ги известува корисниците дека квалитетот на работа на апликацијата и телекомуникациските услуги користени со помош на апликацијата зависи од бројни околности кои се вон контрола на Arena Channels Group ДОО Белград, како што се поставките на локалната компјутерска мрежа, постоење и квалитет на интернет врската, постоење на огнен ѕид (firewall), ограничувачки прописи на територијата на која се користи и слично. Со тоа Arena Channels Group ДОО Белград не може да гарантира дека mPLAY TV услугите преку апликацијата ќе работат без прекин, доцнење и грешки, дека ќе ги задоволат сите потреби на корисникот и ќе бидат непрекидно достапни на секое место. На корисникот ќе му биде овозможено да пријави проблеми и пречки во функционирањето на mPLAY TV апликацијата преку одбирање соодветни опции во самата апликација и со повикување на бројот на корисничкиот сервис, кој е објавен на веб-сајтот и во самата апликација во делот контакти, како и на мејл info@mtel.mk
Arena Channels Group ДОО Белград не одговара за содржини кои се појавуваат на веб-сајтот или апликацијата, а кои се објавуваат или потекнуваат од трети лица.

ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ

Со цел ефикасно, безбедно и непречено користење на содржината која се наоѓа на веб-сајтот и апликацијата не е дозволено:

- Објавување, праќање, разменување и пренесување содржини, што е во спротивност со важечката законска регулатива;

- Објавување, праќање, разменување и пренесување на навредлива, вулгарна, заканувачка, расистичка или шовинистичка содржина, како и содржина која на кој било начин може да му предизвика штета на кое било лице;
- Објавување, праќање, разменување и пренесување информации за кои посетителот знае или претпоставува дека се лажни, а чие користење би можело да им предизвика штета на други лица;
- Лажно претставување, односно претставување во име на друго правно или физичко лице;
- Манипулирање и злоупотреба на идентификаторите за да се прикрие потеклото на содржината која се објавува, праќа, разменува или пренесува;
- Објавување, размена и праќање на непожелна содржина на корисникот без негова согласност или барање, како што се промотивни материјали, рекламни пораки, спам пораки, верижни писма, промотивни и рекламни материја кои содржат лажни информации, наводи или тврдења кои можат да ги доведат корисниците во заблуда;
- Објавување, праќање, разменување и пренесување содржина со вируси или слични фајлови или програми изработени со цел уништување или ограничување на работата на кој било софтвер и / или хардвер како и телекомуникациска опрема;
- Собирање, чување и објавување лични податоци од другите посетители на сајтот.

Корисникот се обврзува да овозможи ажурирање на апликацијата односно да преземе унапредувања на апликацијата, што се креирани во облик на промена на интерфејс, поправка на грешки, подобрувања на компатибилноста со уредите, односно софтверот, новите модули или потполно нови верзии на апликацијата. Arena Channels Group ДОО го задржува правото да оневозможи користење на апликацијата која не е ажурирана, односно застарени верзии на апликацијата со претходно известување до корисникот 15 дена однапред. За време на надградувањето на апликацијата или работата на инфраструктура која овозможува користење на апликацијата, апликацијата, односно поединечни нејзини функционалности можат да бидат недостапни.
Arena Channels Group ДОО Белград го задржува правото да ја тргне содржината што ја смета за непримерна или не е во согласност со условите за користење. Корисниците ја преземаат одговорноста за секоја штета која е последица на нивната активност.
Корисникот се согласува со тоа дека Arena Channels Group ДОО може сите релевантни информации во врска со користењето на апликацијата да му ги проследи преку регистрирани податоци на корисникот, преку апликацијата и / или преку мобилниот телефон на корисникот.
Одјавата на услугите се врши преку апликација. Корисникот во корисничкиот налог има опција да изврши прекин на услугите на тој начин што ќе ја одбере опцијата

„Поништи ја претплатата“, и во тој случај се раскинува претплатничкиот однос, односно се откажува понатамошно користење на услугите. Од технички причини услугата се обновува на секои 30 дена, и доколку корисникот сака да ги раскине услугите, има обврска поништувањето на истите да го направи најдоцна до 29-тиот ден во чиј случај пружањето на услуги ќе престане по истекот на тој календарски месец. Доколку услугата се одјави по 30-тиот ден или на 30-тиот ден од пружањето на услуги, истекува по наредните 30 дена.

ПЛАЌАЊА

Сите плаќања ќе бидат извршени во локалната валута на Република Северна Македонија – денар (MKD).

За информативен приказ на цените во други валути се користи средниот курс на Народна Банка на Република Северна Македонија.

Износот што ќе се наплати од вашата платежна картичка ќе биде изразен во вашата локална валута преку конверзија во истата по курсот што го користат организациите за картички, а кој на нас во моментот на трансакција не може да ни биде познат.

Како резултат на оваа конверзија постои можност за незначителна разлика од оригиналната цена наведена на нашиот сајт. Плаќањата се вршат исклучително онлајн преку платежни и кредитни картички. Сите цени се прикажани со соодветниот ДДВ.

Претплатата се обновува автоматски, со повторно задолжување на картичката за износот на првично избраниот пакет еднаш месечно 30 дена од првично платената претплата. Претплатата може да се откаже во кој било момент, што доведува до тоа да во наредниот месец сочуваната платежна или кредитна картичка не биде задолжена за запамтениот износ. За износот за кој е задолжена картичката во тековниот месец, оној во кој е поднесено барање за откажување на претплатата, не вршиме враќање на парите. За платени претплати кои се откажани во текот на месецот, одбраната содржина ќе биде достапна најмногу 30 дена по наплатата на износот во тековниот месец.

Предуслов за користење на платената апликација е уредна уплата. Arena Channels Group ДОО ќе оневозможи користење на апликацијата по истекувањето на периодот за кој е платено (припејд корисници), односно во случај на достасани, а неплатени сметки во согласност со условите за пружање и користење услуги.

За процесирање на плаќањето корисиме услуги од трета страна - WSPay. WSPay поседува соодветен PCI DSS сертификат со кој гарантира безбедни тренсакции и сигурни крипто заштити. За условите на користење и начинот на работа на WSPay - ги замолуваме корисниците да се запознаат со општите услови и начин на работа кои се истакнати на https://www.wspay.rs/*

*Со прифаќање на овие услови, корисникот дава согласност трансакциите да се извршуваат со платежни картички со помош на WSPay и услови и начин на работа на третата страна. Податоците кои третата страна ги собира заради извршување на трансакции и нивна заштита се обработуваат во согласност со Законот за заштита на лични податоци („Сл. весник на РСМ“ бр.42/2020 и 249/2021)

При внесување на податоците за платежната картичка, доверливите информации се пренесуваат преку јавна мрежа во заштитена (криптирана) форма со упореба на SSL протоколи и PKI системи, како и моментално најсовремена криптографска технологија.

Сигурноста за податоците при плаќање ја гарантира обработувачот на платежни картички, па така целосниот процес за наплата се извршува во сигурна средина.

Авторизацијата на трансакција ја извршува картична куќа / финансиска установа на издавачите на картички, така што Авторизацијата важи за период кој го дефинира издавачот на картички или картичар, а најмалку 7 дена.

ИЗЈАВА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Заштитата на лични податоци се извршува во согласност со важечката регулатива, и тоа со Општата регулатива за заштита на податоци на Европскиот парламент и Советот број 2016/679 , како и Законот за заштита на лични податоци („Сл. Весник на РСМ“, бр. 42/2020 и 294/2021)

WSPay како спроведувач на авторизација и наплата од кредитните картички постапува со личните податоци во својство на обработувач и со нив постапува во согласност со Општата уредба за заштита на податоци на Европскиот парламент и Совет број 2016/679, како и според строгите правила на PCI DSS L1 Регулативата за заштита на впишување и пренесување на податоци и Законот за заштита на лични податоци (“Сл. весник на РСМ”, бр. 42/2020 и 294/2021)

WSPay користи SSL сертификат со 256 важни енкрипции, т.е. TLS 1.2 криптографски протокол како највисок степен на заштита кај впишувањето и пренесувањето на податоците.

Личните податоци кои се користат со цел авторизација и наплата, односно извршување на обврските од Договорот или врз основа на Договорот, се сметаат за доверливи податоци.

WSPay не ги обработува личните податоци, ниту ги користи за ниту една друга цел, освен со цел извршување на Договорот за авторизација и наплата.

WSPay гарантира исполнување на сите услови одредени со важечките прописи за заштита на лични податоци, од страна на обработувачите на лични податоци, а особено за преземање на сите потребни технички, организациски и сигурносни мерки, и тоа посебно го потврдува и PCI DSS L1 со сертификатот.

ВРАЌАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

Корисникот има право, во случај да извршил погрешна уплата, да поднесе барање за враќање на средствата во рок од 24 ч од денот на уплата.

На купувачот којшто претходно платил со некоја од платежните картички, делумно или целосно, Arena Channels Group ДОО по секое барање што е основано во законски предвидениот рок, по завршување на постапката за рекламација, ќе изврши поврат на средствата исклучиво преку VISA, EC/MC и Maestro методот на плаќање, на начин што банката на барање на продавачот ќе изврши поврат на средствата на сметката на корисникот на картичката.

Корисникот е обврзан да внесе податоци во барањето за враќање на средствата, и тоа: број на телефон, кориснички број и мејл како и образложено барање за враќање на средствата.

ПОЛИТИКА ЗА РЕКЛАМАЦИЈА

На сите рекламации се применува важечкиот Закон за заштита на потрошувачите (Службен весник на РСМ бр.38/2004, 77/2007, 103/2008, 24/2011, 164/2013, 97/2015, 152/2015 и 140/2018).

Доколку корисникот смета дека пресметката на услугата на е правилно извршена, може да поднесе рекламација во пишан облик преку електронска пошта на мејлот info@mtel.mk

Рекламацијата мора да содржи прецизен опис на неправилностите во пресметката или друга причина за рекламација, мора да биде потпишана од страна на корисникот или лице кое е овластено за застапување на корисникот.
Корисникот може да поднесе барање за рекламација на ист начин доколку дошло до грешка во изборот на услугата или постои друга причина заради која корисникот не е во можност да ја користи услугата, под услов корисникот веќе да нема започнато користење на друга услуга.
Доколку плаќањето е извршено со користење на платежна картичка Visa, MasterCard, Maestro и American Express, корисникот во барањето за рекламација задолжително ги наведува и податоците од потврдата за успешно извршеното плаќање (TRANSACTION_ID, AUTH_CODE).
Arena Channels Group е должна во рок од 8 дена по приемот на рекламацијата да го извести корисникот дали рекламацијата е усвоена.
Arena Channels Group нема да ги уважи рекламациите кои се нејасни, непотполни и не се поднесени навремено, како ни рекламациите кои не се поднесени од страна на корисникот или лица овластени за застапување на корисникот.
Испораката на дигиталната содржина не се врши на траен носач на записи и корисникот е запознаен дека со испораката на дигиталната содржина го губи правото на откажување од договорот во согласност со одредбите од член 96 точка к) од Законот за заштита на потрошувачите (Службен весник на РСМ бр.38/2004, 77/2007, 103/2008, 24/2011, 164/2013, 97/2015, 152/2015 и 140/2018).
Со прифаќање на овие општи услови, корисникот дава писмена согласност дека е запознаен со нив, како и со сите преддоговорни известувања.

ОПИС НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Arena Channels Group со својата услуга му овозможува на корисникот гледање на ТВ содржина на мобилна апликација или на Smart Tv апликација.

Содржината која му се овозможува на корисникот, зависи од пакетот кој корисникот го избрал при купување на пакетите, користејќи ја кратенката Моја Arena која се наоѓа во самата апликација. По успешната наплата на пакетот, Arena Channels Group е должна да му овозможи на корисникот онлајн гледање на содржината најдоцна 48 ч по успешната трансакција.

ЛИНКОВИ НА НАДВОРЕШНИ СТРАНИЦИ

Веб-сајтот и апликацијата содржат линкови од веб-страници кои не се под контрола на Arena Channels Group ДОО Белград. Arena Channels Group ДОО Белград линковите ги објавува добронамерно и на може да се смета за одговорна за содржини надвор од веб-сајтот и апликацијата.
Arena Channels Group ДОО Белград на посетителите добронамерно им овозможува користење на содржините од веб-сајтот и апликацијата.
Сите посетители имаат право бесплатно да користат содржини, доколку не ги кршат правата на користење.
Веб-сајтот и апликацијата се состојат од сопствена содржина, содржина од партнери и огласувачи, бесплатни содржини, содржини креирани од страна на посетители и линкови на надворешни страници.
Сите содржини на веб-сајтот и апликацијата се користат на сопствена одговорност и Arena Channels Group ДОО Белград не може да се смета за одговорна за каква било штета настаната од користењето.